**20140511670**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 53 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13 и 12/14), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ, КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Во Правилникот за поблиските услови, критериуми и начинот за остварување на правата за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/13), во член 5 во ставот (2) по зборовите „е признаено правото" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 2

Во член 8 во ставот (3) зборовите „ Инвалидско пензиска комисија при Фондот за здравствено осигурување на Македонија" се заменуваат со зборовите „комисија при Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија".

Член 3

Во член 11 ставот (2) се менува и гласи:

„ Покрај доказите од ставот (1) на овој член во зависност од возраста на детето се доставува и: за дете од училишна возраст кое е на редовно школување - потврда за редовно школување издадена од установата во која се образува, односно потврда за вонредно школување издадена од установата во која се образува (врз основа на потврда издадена од соодветен лекар); за дете кое наполно и трајно или за подолго од една година ќе остане неспособно за работа пред наполнети 15 години живот или за време на редовното школување - потврда од соодветен лекар; за дете над 15 годишна возраст кое наполно и трајно или за подолго од една година ќе остане неспособно за работа по наполнети 15 години живот или за време на редовното школување и за дете на кое му е признаено правото на работно оспособување се до неговото успешно завршување, но најдолго до навршување на 18 години живот - наод и мислење од комисија при Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, за утврдување на неспособноста, доколку има промена и за член на семејство кој е на редовно, односно вонредно студирање поради болест - потврда за редовно/вонредно студирање . "

Член 4

Во членот 16 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„ (3) На самохран родител на кој му се сменил статусот по основ на кој го остварил правото на посебен додаток (склучување на брачна заедница, започнување на вонбрачна заедница или враќање на исчезнатиот родител), правото на користење на посебен додаток за самохран родител кој има дете со специфични потреби, кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот, му престанува првиот ден од наредниот месец од месецот во кој настанала промената. "

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-833/3
5 март 2014 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Диме Спасов,** с.р.